**До:**
**д-р Зоран Трајчевски, директор**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 196-г и член 196-ѓ од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16), а во врска со Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, бр.10-6485/1 од 16.12.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, доставува:

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 18.12.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 6504 | 1 | |

# ПРЕДЛОГ
## за неизрекување мерка

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, бр.10-6485/1 од 16.12.2016 година, емитуван во периодот од 1 до 9 декември 2016 година. во 12:46

Предмет на извршениот надзор (мониторинг) се член 75 став 1 и став 2, член 75-а став 1 точка б и став 2, и член 75-б од Изборниот законик.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, бр.10-6485/1 од 16.12.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, предлага да не се преземе мерка.

## Образложение

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување на 16.12.2016 година доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, бр.10-6485/1 од 16.12.2016 година, емитуван во периодот од 1 до 9 декември 2016 година.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) бр.10-6485/1 од 16.12.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување констатираше дека Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, во периодот 1 до 9 декември 2016 година:

- Настојуваше да обезбеди информации од повеќе извори и да сопостават ставови со цел презентирање на јавноста на различни гледишта, при што направен е обид да се издвојат новинарските жанрови, извештај од коментар/осврт со цел јавноста да може јасно да разликува што е информација за настан, а што коментар/став за одреден настан/тема и овозможи подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување, и
- Обезбеди избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување, во согласност со принципот на пропорционалност, имајќи го предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања,

поради што се предлага да не се презема мерка.

**Членови на Привремената комисија за следење на медиумско претставување:**

1. Љуљзим Хазири ____________
2. Слаѓана Димишкова ____________
3. Љубомир Костовски ____________

4. Горан Трпеноски ____________________

5. Цветин Чилиманов ____________________